Влада на Република Северна Македонија
Генераленсекретаријат

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

Арх. број/ Num. ark.: 46 - 6909/1
Датум/Data: 12.07.2023

До Министерството за информатичко општество и администрација
бул. Св.Кирил и Методиј број 54, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет:Полугодишен извештај за претставки и предлози, за период од 1 јануари до 30 јуни 2023 година

Почитувани,

Согласно член 19 став (2) од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/2015 и 193/2015), го доставуваме полугодишниот извештај за претставки и предлози, за период од 1.1.2023 до 30.6.2023 година, во кој се евидентирани 79 претставки и предлози, според следните критериуми на разликување:

- Форма на поднесување: 53 претставки и предлози се поднесени во писмено, 26 претставки се поднесени електронски.

- Подносители на претставките и предлозите: 57 претставки и предлози се поднесени од физички лица, 5 претставки и предлози од правни лица, 11 претставки поднесени од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.) и 6 анонимни.

- Начин на постапување на претставките и предлозите: На надлежност и постапување на надлежните органи се доставени вкупно 64 претставки и предлози, 14 претставки и предлози беа одговорени на друг начин (странката не ја допрецизирала претставката, а е побарано да ја допрецизира, ја повлекла претставката/предлогот, не е јасна содржината, нема законска основа за постапување, има мислење на други институции), 1 претставка која е одговорена по иницијатива на Народниот правобранител.

Преглед на постапување по претставките и предлозите по области:

1. Од областа на имотно-правните односи, управата и судството, евидентирани се вкупно 29 претставки и предлози, 19 се поднесени во писмена форма и 10 во електронска; 23 претставки и предлози се поднесени од физички лица, 2 од правни лица и 4 од други (застапник, полномошник, група граѓани и сл.); 24 претставки и предлози се препратени на надлежност до надлежните

органи, 4 решени на друг начин и 1 според иницијатива на Народниот правобранител.

2. Од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита, евидентирани се 7 претставки и предлози; 5 во писмена форма; 2 по електронски пат; сите 7 се поднесени од физички лица; 5 се препратени на надлежност и 2 решени на друг начин.

3. Од областа на станбено комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина се поднесени 12 претставки, 7 во писмена форма и 5 електронски; 6 од физички лица, 1 анонимна, 1 од правно лице и 4 од други (застапници, полномошници, група граѓани и сл.); 12 претставки се препратени на надлежност на надлежните институции.

4. Од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос, евидентирани се вкупно 19 претставки или предлози, од кои 12 се писмено поднесени, 7 електронски; 11 од физички лица, 2 од правни лица, 4 анонимни и 2 од други (застапници, полномошници, група граѓани и сл.) ; 17 претставки се препратени на надлежни институции, 2 одговорени на друг начин.

5. Од останатите области евидентирани се вкупно 12 претставки или предлози од кои 10 се писмено поднесени, додека 2 по електронски пат; 10 од физички лица, 1 анонимна и 1 од други (застапници, полномошници, група граѓани); 6 препратени на надлежност до државни институции и 6 решени на друг начин.

Искрено,

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

## ИЗВЕШТАЈ

за податоците коишто се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 1.1-30.6.2023 година

| Број на примени претставки и предлози | | | | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | Област | Усно | Писмено | Електронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежност | Постапено по иниијатива на МП | Постапено по иницијатива наНП | На друг начин | Во законски пропишаниот рок | По истекот на рокот | Рокот за постапувањеизминал | Рокот за постапувањетече | Забелешка |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 6 | 29 | Имотно правни односи, управа и судство | - | 19 | 10 | 23 | 2 | 4 | | | | | 24 | | 1 | 4 | - | - | - | - | - |
| 4 | 3 | 7 | Пензиско-инвалидско осигурување, здравствена социјална и детска заштита | - | 5 | 2 | 7 | | | | | | | 5 | | | 2 | - | - | - | - | - |
| 11 | 1 | 12 | Станбено-комунални работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина | - | 7 | 5 | 6 | 1 | 4 | 1 | | | | 12 | | | | - | - | - | - | - |
| 18 | 1 | 19 | Образование, вработување и права од работен однос | - | 12 | 7 | 11 | 2 | 2 | 4 | | | | 17 | | | 2 | - | - | - | - | - |
| | | 12 | останато | | 10 | 2 | 10 | | 1 | 1 | | | | 11 | | | 1 | - | - | - | - | - |
| | 0 | 79 | Вкупно: | - | 53 | 26 | 57 | 5 | 11 | 6 | | | | 69 | | 1 | 9 | - | | | 0 | - |